РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-1762/2
26-07-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на ден 24.07.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-1762/1 од 05.06.2024 година, во која подносителот изнесува наводи за неправилно однесување на медицинско службено лице при издавање лекарски услуги спрема истиот, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што по пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Предметната пријава ДКСК ја доставува на надлежно постапување до Министерство за внатрешни работи.

Предметот со број 12-1762/1 од 05.06.2024 година да се затвори и да се архивира.
Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 05.06.2024 година, поднесена е пријава од познат подносител со укажување за неправилно однесување на службено лице при издавање на лекарски услуги спрема истиот.
ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, поради тоа што нема надлежност да постапува, а предметната пријава ќе ја достави на надлежно постапување до Министерството за внатрешни работи.
Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.Д., член на ДКСК

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk